Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИЖТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните,

што Собранието на Република Македонија, го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-818/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ**

Член 1

Во Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните ("Службен весник на Република Македонија број 36/92) во член 15 став 1 зборовите: "100.000 до 250.000 денари" се заменуваат со зборовите: "50 до 100 плати".

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

"Со парична казна од пет до петнаесет плати ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во претпријатието или другото правно лице, како и лицето во вршење на самостојна дејност - давање услуги на сместување на граѓани".

Досегашните ставови 2 и 3 се бришат.

Член 2

Во членот 16 зборовите: "10.000 до 25.000 денари" се заменуваат со зборовите: "половина плата до две плати".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".